## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за судски такси |
| Одговорно лице и контакт информации: | |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☒Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐Друго ______________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | не |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | август 2014 |

**1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот**

*1.1 Опис на состојбите*

Со Законот за судските такси е пропишано плаќање на таксите секогаш кога ќе настане таксената обврска односно за поднесоците - кога се предаваат, а за поднесоците предадени на записник - кога записникот е завршен; за судските одлуки -кога на странката или на нејзиниот застапник ќе му се врачи препис на одлуката; за судските порамнувања - кога ќе се склучат; во постапката за расправање на оставина - кога предлогот странката го предава во суд; во стечајна постапка- кога се поднесува предлогот за поведување на постапка и за одлуката за главна делба; за судските преписи - кога ќе се побараат; за препис на нотарски и други списи кои ги чува судот- кога ќе се побараат; и за другите дејствија - кога ќе се побара нивно преземање.
Судските такси се плаќаат според Таксената тарифа која е составен дел на законот.

Брзиот техничко-технолошкиот развој, модернизацијата на компјутерските и софтверските решенија, како и техничката подготвеност на корисниците, доведоа до потреба за воведување на плаќање на сите такси и преку мобилни оператори и преку интернет.

Од наведените причини, а со цел да се мотивираат физичките лица да го користат електронскиот систем на достава кој воедно е и поекономичен, се предлагаат овие изменувања и дополнувања на законот за судки такси со кој на физичките лица кој доставата ќе ја извршат по електронски пат ќе им се намали висината на таксата за 15%.

*1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Основна цел на предложените изменувања и дополнувања на Законот за судските такси е операционализација на системот за плаќање на судски такси преку интернет за физички лица со намалување на висината на таксата за 15% за достава на поднесок до суд по електронски пат.

**2. Цели на предлог регулативата**

Почетните точки за регулирање на наведената материја се согледуваат во потребата од законско доуредување на истата која е содржана во Законот за судски такси („Службен весник на Република Македонија".бр.114/2009, 148/11 и 106/13). Основна цел на предложените изменувања и дополнувања на Законот за судските такси е операционализација на системот за плаќање на судски такси преку интернет за физички лица со намалување на висината на таксата за 15% за достава на поднесок до суд по електронски пат.

**3. Можни решенија (опции)**

*3.1 Опис на решението „не прави ништо"*

Ако Владата на Република Македонија одлучи да предложи други решенија на Предлогот на закон за изменување и дополнување на законот за судски такси, Министерството за правда ќе ги разгледа.

*3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Со измените и дополнувањата на законот кои се предлагаат ќе се мотивираат физичките лица да го користат електронскиот систем на достава кој воедно е и поекономичен, на начин со кој доколку доставата на поднесоците до суд ја извршат по електронски пат ќе им се намали висината на таксата за 15% од законски предвидената.

**4. Проценка на влијанијата на регулативата**

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

*4.1 Економски влијанија*

*4.2 Фискални влијанија има во делот на спроведувањето на стручниот испит за проценувач.*

*4.3 Социјални влијанија*

*4.4 Влијанија врз животната средина*

*4.5 Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување*

*б)трошоци за почитување на регулативата*

**5. Консултации**

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Текстот на Предлог законот беше на мислење до Министерството за финансии, Секретаријатот за законодавство, Судскиот совет на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија и Основниот суд Скопје II Скопје.

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

**6. Заклучоци и препорачано решение**

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

*6.3 Препорачано решение со образложение*

**7. Спроведување на препорачаното решение**

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

Се предвидуваат временските важење на предложените законски решенија за период од пет години.

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

7.3 *Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Сите судови во државата.

7.4 *Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

## 8. Следење и евалуација

8.1 *Начин на следење на спроведувањето*

8.2 *Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

**Изјава од министер**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум:** 21.08.2014

**потпис на министер**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА